Република Северна Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës**

**ЗАПИСНИК**

**од**

**ОСМА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА**

**одржана на 16.12.2020 и на 24.12.2020, во 18:00h**

**виртуелно, преку ZOOM платформата**

| | |
|---|---|
| ПРИСУТНИ | Зоран Заев (ПВРСМ), Јетон Шаќири (МИОА), Радмила Шекеринска (МО), Никола Димитров (СЕП), Благој Бочварски (МТВ), Бојан Маричиќ (МП) Фатмир Бесими (МФ), Горан Милевски(МЛС), Јагода Шахпаска (МТСП), Кристина Димовска(СЕП), Лаура Идризи (МИОА), Лила П. Миладиновска (СЗ), Насер Нуредини (МЖСПП), Оливер Спасовски (МВР), Петре Шилегов(ЗЕЛС), Спасе Глигоров (АА), Мила Царовска (МОН), Венко Филипче, (МЗ) Ирена Стефоска (МК), Биљана Николовска Жагар, (Канцеларија на ПВРСМ), Мирјана Јанева, Јован Стојановски, Јулијана Николова, Есма Адиловиќ Фазлиќ, (МИОА) Владимир Серафимовски, (МИОА), Ангела Саплиева (МИОА) Искра Аќимовска Малетиќ (CPM Consulting International), Aleksandrs Antonovs, (CPM Consulting International), Darta Indriksone (CPM Consulting International), СлаѓанаТасева (CPM Consulting International), Dace Gruberte (CPM Consulting International), Freek Janmaat (Делегација на ЕУ), Ружица Андроникова (Делегација на ЕУ) |
| ПРЕТСЕДАВАЧ | Зоран Заев, претседател на Влада на Република Северна Македонија |
| ЗАПИСНИЧАР | Ангела Саплиева, МИОА |

**ПРЕДЛОГ - ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на предлог - Дневен ред

2. Усвојување на Записникот од седмиот состанок на Советот за реформа на јавната администрација, одржан на 16 декември 2019 година;

3. Информација за спроведувањето на ИПА 2 Проектот „Поддршка на државната реорганизација“ ;

4. Втор годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) со Акциски план;

5. Заклучоци од 10-от состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација;

6. Разно (прашања/предлози).

Осмата седница на Советот за реформа на јавната администрација ја отвори претседавачот на Советот Претседателот на Владата на Република Северна Македонија (ПВРСМ) Зоран Заев. На самиот почеток на осмата седница, ПВРСМ Зоран Заев ги повика членовите на Советот за РЈА доколку имаат да ги изнесат своите забелешки по првата точка, односно по предлог дневниот ред. Бидејќи присутните немаа забелешки, дневниот ред едногласно беше усвоен.

По втората точка, ПВРСМ Зоран Заев ги повика присутните да ги дадат своите забелешки кон записникот од седмата седница на Советот за РЈАодржана на 16 декември 2019 година. Присутните немаа забелешки, по што записникот беше едногласно усвоен.

По третата точка, Информација за спроведувањето на ИПА 2 Проектот „Поддршка на државната реорганизација“ , ПВРСМ Зоран Заев истакна дека реорганизацијата е една од клучните реформи за подобрување на јавната администрација и дека поради тоа на оваа седница освен членовите на Советот за РЈА, присутни се и останатите министри на Владата на РСМ, експертскиот тим од ИПА проектот Поддршка на државната реорганизација, г-ѓа Слаѓана Тасева, тим лидер, г-ѓа Dace Grubert, експерт, г-дин Ale-

ksandr Antonovs, клучен експерт, проф-др. Искра Акимовска Малетиќ, сениор експерт, како и претставниците од делегацијата на ЕУ, г-дин Freek Janmaat и г-ѓа Ружица Андроникова.

Најпрвин, ПВРСМ Зоран Заев и даде збор на г-ѓа Слаѓана Тасева, тим лидер на проектот која накратко ги образложи целите на проектот, истакнувајќи ги оптимизацијата на целосната институционална рамка, зајакнувањето на услугите од јавниот сервис, јакнењето на етиката, интегритетот, транспарентноста и одговорноста на администрацијата како глобална цел на овој проект.
Како останати цели ги наведе усогласувањето и оптимизирањето на институционалната рамка, елиминирање на преклопувањето на надлежности и обезбедувањето на ефективни линии на отчетност и контрола.
Наведе дека проектот има две компоненти, од кои првата е оптимизација на рационализацијата на органите на државната управа и инспекциските служби, која покрај хоризонталната функционална анализа и предлозите за реорганизација се бави и со подготовка на Закон за организација на државната управа и понатаму ќе го подржува целиот процес на изготвување на посебни закони за кои ќе се утврди дека се неопходни, како и подготовка на подзаконските акти на процедурите за работа и постапување и на обука на оние кои ќе треба понатаму да ја спроведуваат оваа реорганизација. Втората компонента е подобрување на рамката за дискрециони овластувања.
Тасева истакна дека во текот на изминатата година од работата на проектот изготвен е Законот за организација на органите на државната управа, кој сега има четири верзии и треба да се финализира во насока која ќе биде усогласена од Владата. На крај, Тасева истакна дека за проектот да може да продолжи во вистинска насока, неопходно е Владата да заземе став за насоките во кои треба да се оди, како за законот, така и за институционалната реорганизација, посочувајќи ја неоохедноста од целосна поддршка од Владата, како и од соработка со сите институции опфатени со реорганизацијата.

Потоа , ПВРСМ ги повика експертите да ги презентираат подготвените презентации, како и следните чекори за кои наведе дека ќе им биде потребна силна институционална поддршка.

**Проф. д-р Искра Аќимовска Малетиќ** ги презентираше четирите предлог верзии на нацрт Законот за организација и работа на органите на државната управа. Посочи дека четирите нацрт верзии на Законот за организација на органите на државната управа

(декември 2019 – јануари 2020) се изработиле врз основа на претходно усвоен концепт и тоа:

- **Нацрт 1 – со одговорности на регулаторните тела**
- **Нацрт 2 – без одговорностите на регулаторните тела**
- **Нацрт 3 – со имињата на министерствата и стратешките области на истите**
- **Нацрт 4 – со имињата и одговорностите на министерствата**

Во својата презентација проф. д-р Малетиќ ја елаборираше структурната поставеност на четирите нацрт верзии на Законот за организација и работа на органи на државната управа**,** при тоа претставувајќи ги***:***

➢***<u>заедничките делови на нацрт верзиите на законот</u>***:

**• Општите одредби**
- (Делокруг и цели/ Дефиниции/ Типологија/ Отчетност/ Начела за работа на државната управа),

**• Организација на другите органи на државната управа**,

- Агенции (Основање/ Основачки акт/Раководење/Организација) и
- Инспекторати ( Основање/Основачки акт/Раководење/Организација )

**• Раководење со државната управа**

- Процедура за основање, спојување и укинување на други органи на државната управа и
- Редовен преглед на државната управа

**• Соработка меѓу органите на државната управа**

- Форми на соработка

- **Статус на правно лице и**
- **Преодни и завршни одредби**

➢***<u>различни делови на нацрт верзиите на Законот</u>*****:**

**• Организацијата на министерствата**

- Прва и втора верзија - Основање, спојување и укинување на министерствата/ Министер и заменик министер/ Секретар/ Организација на министерството,

- Трета и четврта верзија - Основање на министерствата/ Министер и заменик министер/ Секретар/

• **Регулаторни тела**
- Прва верзија - Основање/ Основачки акт/Раководење/Организација

- Втора, трета и четврта верзија - Основање

• **Отчетност**
- Прва верзија - Надзор над агенциите и инспекторатите/Отчетност на регулаторните тела

- Втора, трета и четврта верзија - Надзор над агенциите и инспекторатите

Потоа, **г-дин Aleksandrs Antonovs** ја презентираше Хоризонталната функционална анализа на органите на државната управа и инспекциски служби на централно ниво. **Г-дин Aleksandrs Antonovs,** ги поздрави присутните и ја истакна целта на проектот рационализација на институционалната рамка, елиминирање на преклопувањето на надлежности и обезбедување на ефективен редослед на отчетност . Посочи дека проектот се реализира во две компоненти и тоа:

– 1: Оптимизација и рационализација на органите на државната управа и инспекциските служби

– 2: Подобрување на рамката за дискрециони овластувања

Истака дека овој проект е за институционална архитектура, но не е проект за управување со човечки ресурси .
Посочи дека во процесот на реализација на проектните активности биле вклучени тим од клучни експерти кои ги интервјуирале министерствата, секретаријатите, агенции и комисии, како и вклучување на граѓанското општество и консултантски компании . Во текот на процесот се координирале со ЕУ, ОЕЦД-СИГМА, УСАИД, Обединетото Кралство и УНДП . При тоа го истакна фактот дека тимот од 20 локални експерти ги интервјуирале сите 132 органи на државната управа . Едновремено се посочи дека и тим од 16 виши не-клучни експерти предлагале структури на ресурсите, а пак двајца

клучни експерти ја координираат работата и изработуваат единствен предлог за целата државна управа
Исто така наведе неколку клучни заклучоци во однос на државната реорганизација и истакна дека не постои никаков хиерархиски систем, повеќе органи се основани со *lex specialis* (70) отколку согласно ЗОРОДУ (62),преку 100 се буџетски корисници од прв ред, со што Министерството за финансии треба да контактира со преку 100 институции, иманејасни критериуми за статус на правно лице, редоследот на поднесување извештаи е збунувачки, не се поднесуваат извештаи , постојат 19 типови на органи на државната управа без јасни критериуми, односно 13 основани со Закон, а 6 формирани со дополнителен закон, нема назначување / раздвојување за функциите (планирање политики, спроведување и надзор/контрола ),односно министерството треба да е одговорно за креирање на политики, агенциите да ги реализираат политиките, додека пак инспекторатите треба да вршат надзор на спроведувањето на политики, а сега се случува сите три функции да се извршуваат во рамки на едно министерство.

Експерот **г – дин Aleksandrs Antonovs,** врз основа на направената анализа на органите на државната управа го претстави нивниот предлог и тоа:

- **Помалку институции: спојувања и укинувања**
- **Извршни функции во рамките на извршната власт**
- **Јасна хиерархија на поднесување извештаи во областа на политиките**
- **Поделба на функции: облик, реализација, контрола**
- **Поврзаност со процесот на буџетирање**

Притоа, поединечно ги презентираше предлозите за министерствата и Генералниот секретаријат на ВРСМ (ГС; МИОА; МЛС, МФ, МПСОМЗ, МЗШВ, МК, МО, МВР, МП, МЖСПП, МЗ, МОН, МНР, МТСП, МТВ И МЕ), при што истакна дека некои министри веќе го прифатиле неговиот предлог.

ПВРСМ им се заблагодари на експертите за деталните презентации и им даде збор на претставниците на делегацијата на ЕУ.

**Freek Jaanmaat**наведе дека е многу важно што на состанокот се присутни министрите и дека постои разбирање и заложба од владата за тоа што е потребно да се направи за

да се спроведе оваа реформа, како и дека смета дека е потребно и собранието да се запознае со овој проект.

ПВРСМ истакна дека за ваква важна тема е потребна пред сè хоризонтална координација за целиот процес и отвори расправа по третата точка.

**Министерката за одбрана Радмила Шекеринска**истакна дека предлогот во кој Законот за организација на органите на управата ќе ги дефинира работите кои се поопшти и ќе и се даде простор на секоја нова влада да прави некои интервенции околу министерствата,бројот и функциите е добар систем.Во однос на уредувањето на регулаторите, наведе дека најголемиот дел од регулаторите во досегашниот систем се избирани од Собранието и дека донесувањето на измена на законот со кој што тие ќе се бираат во Владата може да биде тешко. Наведе дека е потребна една внатрешна дебата, односно седница на Владата исклучиво посветена на структурите на министерствата, големиот број на институции на второ и трето ниво, дел од кои се независни, а дел во состав на министерствата.

**Заменик претседателотна Владата задолжен за европски прашања Никола Димитров** истакна дека реформата на јавната администрација е важна за евроинтеграција и европеизација на земјата, како и дека ефикасна јавна администрација е во срцето на определбите на оваа Влада.
Наведе дека во извештајот на Европската Комисија од октомври се посветува посебно внимание на реформата на јавната администрација и дека во клучниот дел од извештајот се вели дека во следниот период земјата треба да го финализира хоризонталниот функционален преглед и да почне да го спроведува за да се обезбедат јасни граници на одговорност меѓу институциите.

**Министерот за правда Бојан Маричиќ** искажа поддршка за проектот. Укажа дека во оваа фаза е важно работите генерално да се утврдат, а деталите понатаму да се уредуваат чекор по чекор, институција по институција. Посочи дека во однос на судството, а имајќи ја предвид уставната обврска за троделба на власта ќе треба да се корегираат некои елементи од презентираниот концепт. Наведе дека е потребно реорганизацијата да се спроведе со брза динамика, но и со големо внимание да пристапиме кон реформите..

**Министерот за финансии Фатмир Бесими** ги поздрави присутните и посочи дека ова е значајна реформа која треба да продолжи со воспоставената динамика. Во однос на

предлогот на експертите за МФ не се доволно запознаени и дека за наредната недела ќе го разгледаат предлогот и ќе се произнесат по него. Предложи одржување на повеќе состаноци и можности на повисоко ниво министерско да се разговара и разменуваат информации, бидејќи членовите на тимовите не секогаш ја знаат политиката на кабинетите на министерствата, па оттука за вакви исклучително важни прашања треба да се посвети поголемо внимание, се со цел да се стигне со реформите на владините институции.

**Министерката Радмила Шекеринска** ја истакна важноста од паралелното водење на процесите,  односно потребата од реформа во делот на структурата (институциите, хиерархијата  и општиот закон), но и во делот на правилата во службата, одговорноста и децентрализација на одлуките, како и намалување на дискреционите овластувања на министрите кои треба да се фокусирани на градење на политики и на обезбедување на функционирање на системот.

**Министерот за локална самоуправа Горан Милевски** истакна дека го поддржува процесот идека имал средба со експертите, но посочи напотребата од префрлање на надлежностите од едни министерства на други.Наведе дека е можеби потребнода се променат имињата на министерствата по примерот на други држави. Додаде дека е за поздравување една ваква реформа која се прави еднаш во триесет години. Во однос на ингеренциите на министерот истакна дека смета дека треба да има делегирање на надлежностите, со цел министерот да има можност  да посвети поголемо внимание на креирање на политики, а не да се занимава со технички работи на министерството, па во оваа насока го подржа и се согласи со излагањето на министерката Радмила Шеќеринска.

**Министерот за транспорт и врски Благој Бочварски** го поздрави процесот на реорганизацијата и реформата. Истакна дека една ваква реформа ќе не доближи до стандардите на европските земји. Го истакна  примерот на секторот за комуникации од Министерството за транспорт и врски (МТВ) кој пред 10 години е префрлен како надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација, а сѐ уште не е променето во МТВ. Наведе дека можеби е потребно самото министерство да го промени и називот и на пример да биде Министерство за транспорт и инфраструктура, како и секако да се забрза процесот на реформата.

**Министерката за образование и наука Мила Царовска** истакна дека реформата ќе му обезбеди сосема поинаков систем на функционирање и на донесување на одлуки на

Министерството за образование и наука (посебно за политики за образование, стипендии итн), односно дека обединувањето во пет директорати ќе овозможи поструктуирано, поорганизирано и посистемско функционирање.

**Министерката за труд и социјална политика Јагода Шахпаска** истакна дека го подржува процесот и смета дека делегирањето на надлежностите и обврските на помал број на луѓе од кои ќе се бара поголема одговорност, а кои по вертикала ќе ги делегираат надлежностите на пониските ешалони ќе придонесе за продуктивност и ефикасност во работењето.

**Градоначалникот на град Скопје Петре Шилегов** наведе дека аномалија на презентираната реформа е во тоа што не го предвидува процесот на децентрализација, како процес кој што е започнат и е нужно да биде продолжен понатаму.
Истакна дека имајќи предвид дека е обезбедена политичка волја, овие процеси или треба да се одвиваат паралелно или децентрализацијата треба да и претходи на оптимизацијата на државната управа.

**ПВРСМ Зоран Заев** истакна дека политичка определба на Владата е да продолжи со децентрализацијата, односно развластување на извршната власт, зголемување на надлежностите на општините, а паралелно и фискална децентрализација.

**Слаѓана Тасева** се заблагодари на позитивните коментари и за значењето на оваа дискусија во понатамошната реализација на проектот. Во однос на коментарот на Шеќеринска, истакна дека сега се презентирани само постигнатите резултати од првата компонента на проектот, меѓутоа има многу активности кои треба да се реализираат во наредниот период и тоа во делот на хармонизирање на сите закони со системскиот закон (ЗОРОДУ). Посочи дека ќе се подржи постапката на носење на потребните подзаконски акти и едновремено ќе се продолжи со функционалните анализи на локалната самоуправа. Втората компонента на проектот е подобрување на рамката за дискрециони овластувања. Наведе дека сите наредни активности на проектот ќе зависат од динамиката на носењето на овие два клучни документи кои денес беа презентирани и тоа носењето на ЗОРОДУ и финализирање на предлогот за институционалната реорганизација.
**Искра Малетиќ** исто така се заблагодари на коментарите и посочи дека четирите нацрт верзии на Законот за организација на органите на државната управа се изработиле врз основа на еден добар предлог концепт кој што претставуав добра основа за

подготовка на ЗОРОДУ. Во однос на регулаторните тела истакна дека на ниво на Европската унија нема еден единствен воспоставен стандард. Наведе дека сите решенија се отворени, но на крај ќе треба да се донесе политичка одлука за уредувањето на регулаторните тела.

ПВРСМ Заев им се заблагодари на експертите и на сите присутни и наведе дека наредната недела ќе се продолжи со дискусија по оваа точка.

Во однос на точката 4 од дневниот ред Презентација на вториот годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација, претседавачот Заев му даде збор на министерот Шаќири.

**Министерот Шаќири** истакна дека Вториот годишен Извештај претставува преглед за напредокот во спроведување на Стратегијата за РЈА 2018-2022 и Акцискиот план и постигнатите резултати во периодот јануари – декември 2019 година. Од вкупно 70 активности за кои се известува во период јануари – декември 2019 година, целосно спроведени се 31 активност, спроведувањето било во тек на 37 активности, а доцнат со реализација 2 активности. За дадената временска рамка за 2019 година е 97% реализирана . Со други зборови, од сите активности кои беа планирани да бидат финализирани во текот на 2019 година, само 2 активности не беа завршени. Подготовката на овој извештај се одвивала во исклучително тешки услови, во период на светска пандемија, што резултираше со негово финализирање подоцна од предвиденото. Министерот подвлече дека овој Извештај е изготвен согласно ревидираниот АП за 2019 година.

Во однос на точката 5 од дневниот ред презентирање на заклучоците од 10-от состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација, претседателот на Владата Зоран Заев му даде збор да министерот Шаќири.

**Министерот Јетон Шаќири** ги презентираше заклучоците од 10-от онлајн состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација што се одржа на **8 октомври 2020 година,** помеѓу Европската унија и Република Северна Македонија. Истакна дека тема на состанокот беше напредокот во клучните области од принципите на јавната администрација и тоа:

- стратешката рамка за реформа на јавната администрација, вклучувајќи го Дијалогот за управување со јавни финансии,
- отчетноста и транспарентноста на јавните институции,

- развојот на политики и координација
- јавна служба и управувањето со човечки ресурси, како и
- давањето услуги

Министерот Шаќири посочи дека од состанокот на Специјалната група за РЈА, произлегле Заклучоци,кои што се усогласени,но сè уште не се официјално потврдени од страна на Европската комисија.

Како општ заклучок од состанокот произлезе дека е потребно да се организира технички последователен состанок на Специјалната група за реформи на јавната администрација, во април 2021 година, за да се направи преглед на спроведувањето на заклучоците на Специјалната група и да се дискутираат постојните заложби за реформи.

ПВРСМ Зоран Заев им се заблагодари на присутните кои активно се вклучија во дискусијата, и дека наредната недела ќе се продолжи дискусијата по третата точка од дневниот ред „Поддршка на државната реорганизација“.

Премиерот Зоран Заев ги предложи, а Советот за РЈА ги усвои заклучоците.

- Советот го разгледа Вториот годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација и предложи да се достави на разгледување и усвојување на седница на Влада.
- Советот ги разгледа Заклучоците од 10-от состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација

**ПРОДОЛЖЕНИЕ НА ОСМАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА**
**одржана на 24.12.2020 во 18.00 часот**
**виртуелно, преку ZOOM платформата**

| | |
|---|---|
| ПРИСУТНИ | Зоран Заев (ПВРСМ), Јетон Шаќири (МИОА), Радмила Шекеринска (МО), Никола Димитров (СЕП), Благој Бочварски (МТВ), Мухамед Зекири (ГС), Бојан Маричиќ (МП) Фатмир Бесими (МФ), Горан Милевски(МЛС), Љупчо Николовски (ЗПВРСМ), Јагода Шахпаска (МТСП), Кристина Димовска(СЕП), Лаура Идризи (МИОА), Лила П. Миладиновска (СЗ), Насер Нуредини (МЖСПП), Петре Шилегов(ЗЕЛС), Спасе Глигоров (АА) Венко Филипче (МЗ), Артан Груби (МПСОЗ), Арјанит Хоџа (МЗШВ), Биљана Николовска Жагар, (Канцеларија на ПВРСМ), Неда Гацова (ГС), Мирјана Јанева ((Канцеларија на ПВРСМ), Татјана Трајковска (МФ), Есма Адиловиќ Фазлиќ, (МИОА) Владимир Серафимовски, (МИОА), Ангела Саплиева (МИОА) |
| ПРЕТСЕДАВАЧ | Зоран Заев, претседател на Влада на Република Северна Македонија |
| ЗАПИСНИЧАР | Ангела Саплиева, МИОА |

Продолжението на осмата седница на Советот за РЈА започна со воведно обраќање на Премиерот Зоран Заев, кој ги поздрави присутните и истакна дека очекува квалитетна дискусија, па најпрво го повика министерот за информатичко општество и администрација Јетон Шакири да се обрати.

**Министерот за информатичко општество и администрација Јетон Шакири** во своето излагање наведе дека заради реализација на утврдениот план за имплементација на проектот, во периодот кој следува е потребна поинтензивна соработка и отвореност на сите институции, преку назначување на соодветни контакт лица и тимови за соработка со експертите на проектот и до март 2021 треба да се

финализира предлогот за реорганизација за сите министерства. Потенцираше дека реорганизацијата не е само проект на МИОА и треба да се зголеми соработката на институциите.
Додаде дека на државната и на јавната администрација се гледа како на основа на целокупниот јавен сектор од кој зависат процесите и развојот на секое демократско општество.
Наведе дека од четирите верзии на предлог Законот за организација и работа на органите на државната управа предлага да се изберечетвртата верзија и таа да се надградува, осносно во истата ќе треба да се инкорпорираат и делови од претходните верзии во однос на регулаторните тела. Истакна дека овој предлог јасно ќе ги дефинира министерствата, нивните ресори, начинот на основање на институциите кои се дел од министерствата, кои имплементираат политики, спроведуваат надзор и регулираат пазари на политиките кои ги креираат министерствата.

**Секретарот на Секретаријатот за законодавство Лила П. Миладиновска**, посочи дека од материјалот што е доставен се гледа дека експертите вложиле труд, давајќи повеќе можности и опции на законот за организација и работа на органите на државната управа. Наведе дека станува збор за квалитетен материјал во кој што се понудени различни можни решенија во четирите верзии на предлог ЗОРОДУ.
Во однос на самите концепти на четирите предлог верзии на Законот, Лила П. Миладиновска, ги посочи четирите генерално концептуални прашања, не навлегувајќи во детали во решенијата што се разработени.

1. Во однос на министерствата и нивното уредување дали да бидат во ЗОРОДУ, во посебен закон или со акт на Владата;
2. Во однос на регулаторните тела;
3. Од аспект на прашањето во случај на разрешување на министерот кој да го замени и
4. Во однос на прашањето за статусот на правно лице.

Миладиновска истакна дека како што и самите експерти посочиле, правната рамка за донесување на овој закон е секако Уставот на РСМ и тоа во член 95 и 96 ; во членот 95 определено е дека државната управа ја сочинуваат министерствата и други органи на управата и организации утврдени со закон и дека организацијата и работата на органите на државната управа се уредува со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, а во членот 96 се утврдени основни

принципи на работењето и тоа принципите на самостојност, принципот на уставност и законитост и одговорност. Во организациона смисла, државната управа ја сочинуваат министерства, другите органи на државната управа, управни организации утврдени со Закон.
Во однос на прашањето на организација на министерствата, наведе дека треба да биде предмет на организација и работа на органите на државната управа, бидејќи самата организација на поставеност може да биде предмет на внатрешна организација, што согласно член 91 алинеја 5 од Уставот ја уредува Владата -а самите министерства, бројот на министерства, основните области, надлежностите кои произлегуваат од основните области можат да бидат предмет на уредување само во Законот за организација и работа кој се носи со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, а не со посебен закон или акт на Владата. Имено, пред сè тргнувајќи од функциите што ги вршат министерствата, државните функции, односно функции на државната управа се групирани во области за еден или повеќе сродни управни ресори, а пак другите органи на државната управа се основани за вршење на други определени стручни работи од надлежност на министерствата, а пак управните организации вршаат работи во кои се бара примена на научни и стручни методи и со нив поврзани работи за кои се основани министерствата.
Имајќи предвид кои работи ги вршат министерствата и управните организации, Миладиновска им укажа на ресорните министерства во однос на концептот на четирите верзии на предлог на ЗОРОДУ, дека четвртата верзија е најсоодветна од аспект на утврдување на министерствата, областите, нивните основни надлежности кои произлегуваат од тоа, а да се даде дефиниција што се подразбира под агенција, што треба да вршат тие или управите, други видови на органи на државна управа кои можат да бидат предмет на уредување на посебен закон.

Во однос на второто прашање за регулаторните тела, посочи дека тие не можат да бидат предмет на уредување на ЗОРОДУ, бидејќи тие како такви не вршат функции на државата, ниту вршат управни работи, дотолку повеќе што во нацрт верзиите на законот што се даваат како дефиници се истакнува дека регулаторните тела вршат функција на регулатори на пазарот за заштита од конкуренција и бараат една своја соодветна автономија во вршењето на таа контрола согласно Европската регулатива и други меѓународни стандарди. Миладиновска смета дека регулаторните тела никако неможат да бидат под контрола на извршната власт, туку тие треба да одговараат пред Собранието за да ја запазат својата соодветна самостојност и автономија во

работењето, односно во вршењето на нивната функција - контрола на пазаарот и заштита на клиенти.

Во однос на третото прашање, кој може да го заменува министерот во случај на оставка или негово разрешување, Миладиновска предложи да се имаат предвид одредбите од член 89 став 5 од Уставот, каде што стои дека по својата функција претседател на Владата и министер е неспоива со вршење на други јавни функции или професии и аналогно на тоа и член 44 став 2 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, според кој функцијата претседател на Владата, претседател на Републиката, министри, пратеници и други наведени функции кои ги избира и именува Собранието односно Владата или органите на државната управа се неспоиви едни со други.
Од тој аспект, ја истакна улогата на заменик министерот, кој не е член на Владата, но го избира Собранието на предлог на претседателот на Владата и наведе дека треба да се прецизира функцијата заменик министер во смисла во кој случај ќе може министерот кога е разрешен или поднел оставка да ги преземе сите овластувања и одговорности, односно заменик минстерот да може да поднесува подзаконски прописи и други акти за кои во законот е утврдено овластување за нивно донесување од министерот, како и тоа да може да врши други овластувања, права и должности,односно да се определи кои работи и за кој временски период ќе може да ги прави.

Едновремено, секретарот на СЗ истакна едно искуство што сме го имале од аспект на заменик министер кој почнува да ја врши функцијата на министер во т.н Пржинска Влада, во случај кога заменик министер по завршување на изборите до избор на нова влада, ја презема или врши функцијата министер, а во вакви ситуации ја нема неспоивоста на функцијата на разрешување или оставка на министер - да може заменик министер да ги преземе сите работи што ги врши министерот во определен временски период до избор на нова влада. Наведе дека во таа насока е искуството од скоро време од оставката на министерот за финансии каде што има автентично толкување на членот 48, кое како пракса би можело да се искористи за доуредување и допрецизирање на тие формулации во ЗОРОДУ.

Во однос на четвртото прашање - статусот на правно лице, наведе дека четирите верзии на ЗОРОДУ не се јасно определени од аспект на тоа за какви овластувања

станува збор, од кого би го добивале ОДУ тоа овластување, ако се има предвид дека надлежностите на ОДУ се предмет на уредување на Закон, а не можат своите функции да ги вршат со добивање на овластување.

Миладиновска посочи на воспоставената правна пракса, односно дека има самостојни органи со статус на правни лица, има самостојни органи во состав на министерствата со статус на правни лица, а никаде не пишува дека министерствата имаат статус на правни лица. Притоа, посочи дека ваквата пракса е од еден премолчен рецидив од минатото, бидејќи во Уставот од 1974 година на Социјалистичка Република Македонија во член 111 беше наведено дека Републиката и општините имаат статус на правно лице, па аналогно на тоа се сметаше дека министерствата имаат статус на правно лице и затоа во понатамошното прецизирање кој би можел да има статус на правно лице односно дали ОДУ би можеле да имаат статус на правно лице или други органи кои се формираат со Закон би имале својство на правно лице. Од сè наведено Миладиновска предложи во законот експлицитно да се наведе кој има статус на правно лице, а не да се даде овластување. Статусот на правно лице не значи дека има самостојност, туку во платниот и правниот промет настапува во свое име и на своја сметка.
На крај на излагањето, Миладиновска истака дека стои на располагање да помогне во процесот и да даде стручна подршка и соработка со експертите во однос на подготовката на ЗОРОДУ, бидејќи истиот претставува системски закон на кој треба да му се посвети посебно внимение.

**Никола Димитров** наведе дека ќе ја искористи приликата на оваа седница на Советот да зборува за политиката на задржување на кадарот, тема која има суштинска врска со реформата на јавната администрација. Наведе дека конкретните заклучоци од 11та седница на Владата се во однос на ИПА кадарот, хоризонтално како кадар кој го има во многу ресори во јавната администрација. Истакна дека веќе се работи на анализа на состојбата со ИПА кадарот, одлив на годишно ниво, а и дека е планирано спроведување на прашалник за вработените во ИПА структурата, користејќи ги и компаративните искуства од регионот. Наведе дека целта е да се изготви сеопфатна политика за задржување која ќе се претстави пред Владата најдоцна до крај на прв квартал на 2021 и дека е обезбедена подршка од СИГМА за подготовката на овој документ.
Наведе дека на состанокот помеѓу СЕП и СЗ било разговарано за модалитетите за правна основа за овозможување на додаток на плата за ИПА кадрите. Посочи дека

смета дека е корисно да се формира работна група со претставници од СЕП, МИОА, МФ, МТСП, Канцеларијата на ПВРСМ, кабинетот на ЗПВРСМ Љупчо Николовски и СЗ за сеопфатна координација околу ова прашање.
Наведе и дека во рамките на ИПА 3 има акциско фише за секторска буџетска поддршка "ЕУ за модерна администрација" во кое една од целите е задржување на кадрите. Истакна дека Делегацијата на ЕУ сугерира да се финализира предлогот за секторска буџетска поддршка и ќе биде потребна координација помеѓу СЕП и МИОА.
Се надоврза и на излагањето на Радмила Шекеринска од првата половина од седницата на Советот, а во однос на реформските активности за делегирање на надлежностите во институциите и наведе дека во МФ има твининг проект за пилотирање на концептот на раководна отчетност и дека би било корисно да се отпочне со истиот во МФ и МИОА, како што е планирано.

**Јетон Шакири** наведе дека ги поддржува предлозите на Никола Димитров и истакна дека МИОА е во фаза на изработка на нов предлог Закон за административни службеници и во истиот се предвидува можност за додаток на плата за ИПА службеници или други стручни службеници до 30 проценти од платата.

**Фатмир Бесими** се надоврза на излагањето на Никола Димитров и наведе дека во Законот за јавна внатрешна финансиска контрола е предложено тоа а исто така и во делот на реформите во јавна администрација и во Закон за буџети каде се предвидуваат две нивоа матичен буџетски корисник Министерството и понатаму сите се буџетски корисници

**Љупчо Николовски** изрази целосна поддршка кон предлозите за реорганизација и истакна дека неговиот кабинет е на располагање со своите капацитети. Наведе дека тимот формиран од Владата за работа на дискреционите овластувања веќе работи на проблематиката и дека веќе се изработени Предлог Закон за носители на јавни функции и предлог Закон за изменување на Законот за јавните претпријатија и предложи Советот да ги разгледа овие материјали.

Прв Заменик претседател на Владата задолжен за спроведување на рамковниот договор **Артан Груби** побара прво да му се објаснат разликите помеѓу четирите верзии на предлог законот за организација и работа на органите на државната управа. Второ истакна дека се согласува со изнесениот став на СЗ во однос на регулаторните тела, при што истакна дека е апсурдно регулаторните тела да одговораат пред владата. Како трето,наведе дека кога веќе ЗОРОДУ се менува треба да се оди со поголем зафат, во

однос на тоа кога премиерот ќе добие мандат  за состав на Влада да може да предложи Закон за влада да формира министерства, односно да се даде дискреционо право на мандатарот да може да предложи да предлага формирање на министерства (12, 13 14 или 16)до Собранието, а Собранието да го усвои или не, заедно со програмата за работа.  Наведе дека  можеби овој предлог се коси со Уставот, дали ќе ги комбинираме со укинување на Пржинската влада. Истакна дека сепак и сегашниот предлог доставен од експертите за измена на ЗОРОДУ е голема реформа имајќи предвид дека овој закон се носи со двотретинско мнозинство и ќе биде потребна подршка од опозицијата.

**Претседателот на Владата Зоран Заев** истакна дека институциите како што се регулаторите, Народниот правобранител, Собранието, судовите и локалната самоуправа многу често бараат да бидат изземени како посебни власти, независни органи, или регулаторните тела кои не се извршна власт, во делот на финасирањето да имаат финансиска независност, односно во рамките на одобрениот буџет сами да си одлучуваат за што ќе ги трошат финансиските средства со што би се зајакнала нивната самостојност и нивната одговорност. Наведе дека е несоодветно  Собранието кое ја избира владата и министерот за финансии од него да бараат согласност,туку треба самиот претседател на парламентот да ја има можноста во рамките на одобрениот буџет за собранието да ги носи одлуките имајќи ги предвид тригодишните развојни планови, но секако и одговорност за трошењето на парите но во однос на звањата (пр. раководител на сектор/ одделение, советник) на вработените во институциите би требало да е унифицирана.

**Министерот за правада Бојан Маричиќ** ја поздрави иницијативата и истакна дека при анализа на реорганизацијата не треба да се земе предвид само ЗОРОДУ, туку и други закони каде што се дефинираат дел од надлежностите на министерствата и на другите институции. Имено во однос на Министерството за правда посочи на неколку специфични прашања. Во однос на Државното правобранителство кое во предлогот е ставено како организациона единица во состав на МП и е наведено во делот кривично право, но треба да се земе во предвид дека МП има надлежност само во делот на подготовка на Законот и на именувањето, бидејќи работата на Државното правобранителство е малку поинаква и понезависна и во овој дел ќе треба да се разговара,  дали може да се организира на ваков начин. Исто така Маричиќ истакна дека директно на експертот му посочил дали предлогот Агенција за правосудна служба како орган во состав на МП се коси со независноста на судството и мешањето во судската власт. Затоа е важно како ќе се именува или како ќе се вика таа Агенција,

каква улога би имала истата и во каква форма. Исто така посочи дека треба да се направи разграничување помеѓу директоратите и секторите и другите организациони облици во рамките на министерствата.

Маричиќ предложи во овој момент да се заземе стратешка определба за организационите единици, (го посочи примерот на МП каде има Сектор за преговори и интеграција и координација на финансиската подршка), да се види како е во другите министерства со цел да има една вообедначена организациона структура во овој дел,да се види дали оваа структура на организациони единици одговара на структурата на преговори и предложи прашањто за структурата на внатрешните организациони облици уште сега да биде вклопена во рамките на овие промени. Наведе дека се согласува со излагањето на Никола Димитров во однос на задржување на ИПА кадарот.

Едновремено, нагласи дека МП се има усогласено со поглавјето 23, а ова што сега се предложува е поразлично, па ќе биде потребно да се види дали целото поглавје треба да се вгради под МП или само некои делови.

Во однос на Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права, наведе дека истото е ставено во рамките на министерството, но стандардот на Судот во Стразбур е да има посебен субјект и да има извесни ресурси на располагање. Истовремено посочи дека е потребно да се види како предлогот би се одразил во функционирањето на Управата за извршување на санкции, Бирото за судки вештачења и Управата за водење на матични книги кои досега се органи во состав на министерството.

**Министерот Јетон Шаќири** наведе дека рабтните групи со претставници од секое министерство во периодот од јануари до март ќе работат и ќе ги разгледуваат предлозите, се до формирање на краен извештај на секое министерство.

ПВРСМ Зоран Заев откако се заврши дискусијата по третата точка, и се исцрпи дневниот ред им се заблагодари на присутните кои активно се вклучија во дискусијата, потенцирајќи дека тоа ќе биде од помош за Советот, за МИОА, а најмногу за експертите.

ПВРСМ Зоран Заев предложи Советот да ги усвои предлог заклучоците и тоа:

- Советот го разгледа Вториот годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација и предложи да се достави на разгледување и усвојување на седница на Влада.
- Советот ги разгледа Заклучоците од 10-от состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација;

- Се задолжуваат министерствата да ја унапредат внатрешната комуникација со органите во состав, а посебно со агенциите, инспекторатите од областите во нивна надлежност со цел нивен активен и партиципативен придонес кон навремено и успешно завршување на процесот на реорганизација на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби на државно ниво.

  - Се задолжуваат министерствата, агенциите и инспекциските служби да ја продолжат воспоставената комуникација и да овозможат отворена и засилена соработка со ИПА проектот за поддршка на државната реорганизација, во функција на навремено развивање на предлогот за реорганизација на органите на државната управа, агенциите, инспекциските служби на централно ниво најдоцна до крајот на март 2021 година, и негово преточување во предлог Закон за организација и работа на органите на државната управа најдоцна до крајот на јуни 2021 година.

  - Се задолжуваат министерствата и законодавство до крајот на годината, да номинираат членови и заменици членови на Управниот одбор во рамките на ИПА 2017 „Поддршка на државната реорганизација", со цел навремено следење и спроведување на проектните активности.
  - Активностите предвидени во рамките на проектот „Поддршка на државната реорганизација", да продолжат со реализација на предвидената временска рамка и тоа:
  - ➢ Изработка на поединечни длабински извештаи за секој од ресорите до крајот на февруари 2021 година
  - ➢ Изработка на интегриран извештај за државната реорганизација до крајот на април 2021 година, за да може непречено да се одвива државната реорганизација во периодот од наредните две години односно од 2021 до 2023 година.

Советот едногласно ги усвои предлог Заклучоците од осмата седница на Советот за РЈА.